Agjencia e mbrojtjes të së drejtës për qasje të lirë në informacionet me karakter publik - Shkup

| Примено: Pranuar: | 29.04.2020 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Njësia org. | Број Numri | Прилог Prilogi | Вредност Vlera |
| 08 | 142 | | |


ДО
**Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер**

- Согласно член 20 став 3 и член 27 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ја поднесувам следнава:

Предмет: **Ж А Л Б А**

подносител: **ул. Браќа Миладиновци бр.17 Охрид.**

***Жалбена основа:*** Во законски предвидениот рок поднесувам жалба на известувањето на имателот на информацијата Државен инспекторат за градежништво и урбанизам Скопје, од причина што не ми се овозможува правото на слободен простап до информација од јавен карактер. Имено подолго време барам информација од овој државен орган за неговото постапување во врска со дивоградба која во Охрид ја гради мојот непосреден сосед. Најпрво со известување од 11.09.2018 година, Државниот градежен инспекторат не известува дека нема надлежност за постапување во овој предмет и од тие причини нема соодветна документација. Потоа на наше повтроно барање за информација од јавен карактер не известува со допис број 11-620/2 од 31.10.2019 година дека инспекторатот од последниот одговор до составувањето на наведениот допис нема презземено никакви дејствија и затоа нема составено конкретен акт. Дури откако за непостапувањето на овој инспекторат го известивме Државниот управен инспекторат од нив добивме одговор дека конечно инспекторатот постапил и извршил инспекциски надзор и за констатираната сосотојба составил записник ИП бр. 09-26 од 28.02.2020 година. По добивањето на оваа информација се обративме до инспекторатот со барање како информација од јавен карактер да го добиеме на увид горенаведениот записник , при што добивме одговор дека не се во можност да ни го дадат на увид со оглед на фактот што тој е составен за потребите на МВР, иако ние на сите можни начини скоро две години ја бараме таа информација од нив. Сите дописи Ви ги испраќаме во прилог на оваа жалба.

Со ваквото постапување имателот на информацијата во случајов Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам сторил и формални и суштински повреди на законот за слободен пристап до информации од јавен карактер. Имено на доставеното барање од наша старна не направил решение за одбивање со дадена правна поука за правото на жалба и информација зошто не се дозволува увид во бараниот документ, туку само праќа обично известување до нас и суштински повреди што: сигурно записникот не е класифициран како заштитен документ (барем за тоа нема јавно објавена информација од имателот) и должни се да го дадат на увид на било кое правно или физичко лице без оглед за чии потреби е направен записникот. Содржината и формата на записникот се исти без оглед кој бара тој да се направи и затоа нема потреба од тајност на тие податоци. Сега доколку доставиме ново барање за инспекциски надзор тие за нас ќе направат нов записник со нова форма и содржина? Или само се прави обид за одолговлекување на постапката и прикривање на фактите?

**Од горенаведените причини бараме Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рамки на своите законски надлежности да ги согледа фактите и да му наложи на имателот на информација од јавен карактер во конкретниов случај Државен инспекторат за градежништво и урбанизам да ни го достави како информација од јавен карактер записникот ИП бр. 09-26 од 28.02.2020 година.**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ
MINISTRIA E TRANSPORTIT DHE LIDHJEVE
ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ГРАДЕЖНИШТВО И УРБАНИЗАМ
INSPEKTORATI SHTETËROR PËR NDËRTIMTARI DHE URBANIZËM
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | 04.05.2020 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj. org. | Број Nr. | Прилог Shtojce | Вредност Vlera |
| 12 | 250/3 | | |

(податоци за имателот на информацијата, причините поради кои барателот не ја добил информацијата, број на решение со кое имателот го одбил барањето, или доказ за пропуштен рок од имателот)
(Правна поука: Против решението на Агенцијата може да се поднесе тужба за поведување управен спор до надлежниот суд)
Со почит,

Во Охрид,

Датум: 24.04.2020 год.

(с.р. потпис на жалителот)

... REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ
MINISTRIA E TRANSPORTIT DHE LIDHJEVE
... ЗА ГРАДЕЖНИШТВО И УРБАНИЗАМ
... PËR NDËRTIMTARI DHE URBANIZËM
СКОПЈЕ - SHKUP
19.05.2020
Број / Nr | Прилог / Shtojcë | Вредност / Vlerë

Врз основа на член 27 и член 34 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), член 109 став 9 од Законот за општата управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/2015), а во согласно Упатството за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.60/20), постапувајќи по Жалбата изјавена од од Охрид, против Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер, Директорот на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер на __.__.2020 година, го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**

Жалбата изјавена од од Охрид, против Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер:

"Записник од извршен инспекциски надзор кој се однесува на градба лоцирана на ул.Гридор Прличев бр.17 во Охрид, 09ип1-26 од 28.02.2020 година составен од Виш-градежен инспектор, Виолета А. Ѓорѓиева", **СЕ УВАЖУВА и предметот се враќа на повторно постапување пред првостепениот орган.**

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

од Охрид, на 31.03.2020 година поднел Барање за пристап до информации од јавен карактер до Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, со кое побарало по пошта или по е-маил да му се достави фотокопија или „е-маил-скинирано" од следната информација:

"Записник од извршен инспекциски надзор кој се однесува на градба лоцирана на ул.Гридор Прличев бр.17 во Охрид, 09ип1-26 од 28.02.2020 година составен од

Имателот на информации, на ова Барање како што се наведува во Жалбата, до Имателот на информации доставил Одговор по барање за пристап до информации од јавен карактер 09ип1-26 од 13.04.2020 година, во кое наведува дека: „По детално разгледување на Вашето барање, согласно член 6 став 4 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер...може само да Ве известиме дека записникот 09ип1-26 од 28.02.2020 година е составен по барање за доставување на документација од страна на Министерството за внатрешни работи кое согласно член 276 од ЗКП се обрати по истото да постапиме. Од овие причини инспекторатот не може да постапи по Вашето барање и Ви достави копија од бараниот записник."

Незадоволен од наведениот Одговор, Барателот на информации во законски предвидениот рок, поднел Жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, заведена во архивата на Агенцијата, под број 08-142 од 29.04.2020 година.

Агенцијата со допис бр.08-142 од 29.04.2020 година, по е-маил ја препрати Жалбата до Имателот на информации и побара во рок од 7 дена да се произнесе по истата и до Агенцијта да ги достави сите списи во врска со предметот.

Имателот на информации не одговори на дописот на Агенцијата.

Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, согласно одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, ја разгледа Жалбата изјавена од Барателот на информацијата, **ја уважи и предметот го врати на повторно постапување пред првостепениот орган**, поради следното:

Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, му укажува на Имателот на информациите дека, според член 20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер „Ако имателот на информации позитивно одговори на барањето,

или ако барањето делумно или целосно го одбие, за тоа ќе донесе решение...Решението...задолжително содржи образложение за причините поради кои барањето е одбиено и за резултатите од спроведениот тест на штетност...“.

Барање за пристап до информации од јавен карактер може да се одбие **само** во согласнот со членот 6 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, односно само во случаите кои се наведени како исклучоци од слободниот пристап. Тоа значи дека пристапот до информации може да се одбие само доколку постои основ за тоа, утврден во членот 6 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, но не и со одговор на Имателот на информации до Барателот дека бараната информација е составена „...по барање за доставување на документација од страна на Министерството за внатрешни работи...согласно член 276 од ЗКП...“.

Во конкретниот случај, доколку станува збор Барање за информација кое може да се одбие согласно член 6 став 1 точка 4 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, Имателот на информации е должен, по спроведување на задолжителниот тест на штетност, да изготви решение за одбивање на пристапот до истата, во чие образложение ќе ги наведе причините за одбивањето на пристапот до бараната информација, како и резултатите од спроведениот тест на штетност.

Согласно член 6 став 4 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, пак, ако документот или негов дел содржи информации од ставот (1) на овој член, што можат да се одвојат од документот без притоа да се загрози неговата безбедност, имателот на информации ги одвојува тие информации од документот и го известува барателот за содржината на останатиот дел од документот.

При повторното постапување по предметот, Имателот на информации е должен да постапи по укажувањата на Агенцијата.

Согласно погоренаведеното, Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

Ова Решение е конечно во управната постапка и против него нема место за жалба.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поведе управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

Решено во Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер на_______.2020 година, под бр.08-142.

Доставено до:
- архива на Агенцијата
- жалителот/барател на информацијата
- имател на информацијата

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер
Agjencia e mbrojtjes të së drejtës për qasje të lirë në informacione me karakter publik
Бр.-Nr. 08-142
14.05 2020 год. viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**Влада на Република Северна Македонија**

- Државен инспекторат за градежништво и урбанизам -

Одделение за нормативно правни и општи работи

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ
MINISTRIA E TRANSPORTIT DHE LIDHJEVE
ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ГРАДЕЖНИШТВО И УРБАНИЗАМ
INSPEKTORATI SHTETËROR PËR NDËRTIMTARI DHE URBANIZËM
Бр.-Nr. 12-0250/5
29.05. 2020 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**Датум:** 29 Мај, 2020

**Ул.Браќа Рибар бр.17**
**Охрид**

**Предмет: Доставување на Записник бр.09ип1-26 од 28.02.2020 год.**

Почитувани

До Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер поднесовте Жалба, по која Агенцијата со Решение бр.08-142 од 14.05.2020 година, не задолжи да Ви го доставиме Записникот од извршен инспекциски надзор кој се однесува на градба лоцирана на Ул.Глигор Прличев бр.17 во Охрид, бр.09ип1-26 од 28.02.2020 година и истиот Ви го доставуваме во прилог.

Изработил:
Раководител на ОНПОАР
Наташа Гребенарова Теофиловска

**в.д.Директор**
**Llokman Limani**

**Република Северна Македонија**
**-Државен инспекторат за градежништво и урбанизам -**
**Бр. 09 ип1- 26 од 28.02.2020 година**
**С к о п ј е**

**ЗАПИСНИК**
Од извршен инспекциски надзор
ознака од дневник бр.5

Градежниот инспектор на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам постапувајќи по службена должност, врз основа на член 131, 132 од Законот за градење (Сл.Весник на РМ бр.130/09, 124/10, 18/11,36/11,54/11,13/12,144/12,25/13,79/13,137/13,163/13,27/14,28/14,42/14,115/14,149/14,187/14,44/15,129/15,217/15, 226/15,30/16,31/16,39/16,71/16,132/16,35/18,64/18,168/18 и Сл.весник на РСМ бр. 244/19,18/20), изврши инспекциски надзор со увид на лице место на ден 27.02.2020год., во врска со постојна градба лоцирана на ул.„Глигор Прличев" , КП 15943/1, КО Охрид 3, градба која се наоѓа во границите на заштитеното подрачје на споменичката целина на Старото градско јадро на Охрид заштитено како културно наследство од особено значење согласно Законот за прогласување на Старото градско јадро на Охрид за културно наследство од особено значење (Сл.весник на РМ бр.47/2011 и 154/2015).

**Наод од утврдена фактичка состојба:**

При увидот на лице место е утврдено дека на предметната локација е изградена семејна индивидуална куќа од цврста градба со висина во катови П+1 и е во сопственост на лицата

Објектот на јужната страна калкански е залепен до соседниот објект,приземјето на објектот е видлив на источната страна а на западната страна е вкопан бидејќи теренот е во стрмен пад од улицата „Браќа Миладиновци" кон исток. Дворното место према улицата и према соседот на јужната страна е оградено со ограда од камен. На постојниот објект не е поставена назнака за нејзиниот заштитен статус.

Во моментот на вршење на инспекцискиот надзор не е затекнат сопственикот на објектот.

Прилог- фотографии



За горенаведениот објект во инспекциска постапка се прибавени: извод од план бр.20-4143/2 од 25.03.2015 год. издаден од општина Охрид; имотен лист бр.1105-26007/2016 од 21.11.2016 год и имотен лист бр.1105-29270/2016 од 29.12.2016 год. издадени од Агенција за катастар на недвижности. На барање на сопственикот Владо Јовановски кој е со адреса на живеење во Берлин е ангажиран правен субјект за да се изврши реализација на пристапот до постојниот објект согласно важечкиот извод од план при што е изработена техничка документација оверена од „Румен инженеринг" со тех.број 30/15 за изградба на потпорни ѕидови и пристапни скали и техничка документација со тех.број 8/16-1 за реконструкција на кров,изградба на пристапни скали до објектот и доградба на влезен затворен трем.

Исто така од страна на сопствениците до општина Охрид е доставено барање уп 1-20-1692 од 22.03.2016год за утврдување на правен статус за тераса на куќа и помошен објект согласно Законот за постапување со бесправно изградени објекти.

**Забелешки од констатирана состојба при инспекцискиот надзор:**

Врз основа на горе констатираната состојба, градежниот инспектор, а согласно Законот за градење нема основ за поведување на инспекциска постапка.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ
MINISTRIA E TRANSPORTIT DHE LIDHJEVE
ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ГРАДЕЖНИШТВО И УРБАНИЗАМ
INSPEKTORATI SHTETËROR PËR NDËRTIMTARI DHE URBANIZËM
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar më | 22.05.2020 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Nj. org. | Број Nr. | Прилози Shtojcë | Вредност: Vlera |
| 12 | 296/1 | | |

**До Државен инспекторат за градежништво и урбанизам**

**БАРАЊЕ**

**за пристап до информации од јавен карактер**

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), од имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

**Владата на седница на 11 февруари годинава не го прифати приложениот извештај на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам и го задолжи да изврши нов увид на бесправно доградените објекти во јадрото на Старата Скопска Чаршија. Какво беше образложението од Владата?**

**2. Што пишуваше во извештајот?Може ли да го добиеме?**

**3.До каде е новиот увид, има ли промени во констатираната состојба во однос на првичниот извештај?**

**4.Зошто се уште нема активности за уривање на објектот Менада, за кој е утврдено дека е дивоградба?**

(опис на информацијата која се бара)

Форма во која се бара информација:

а) по пошта
б) телефон
в) фотокопија
**г) е-маил**
д) друго

(се наведува бараната форма, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

а) по пошта
б) телефон
в) факс
**г) е-маил**
д) друго

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Барател на информацијата

**Институт за комуникациски студии, проект „Само прашај“ финансиран од Британската амбасада, Ул. Јуриј Гагарин 17-1/1, Скопје,**

( назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил )

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: **Мартин Пушевски, Ул. Бул. „АСНОМ“, 44/2-20, Скопје,**

( назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил )

**Правна поука:**
Барателот не е должен да ги наведе и образложи причините за барањето, но треба да наведе дека станува збор за барање за слободен пристап до информација од јавен карактер

Во
Скопје,

Датум

__________21.05.2020____________ година

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ
ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ГРАДЕЖНИШТВО И УРБАНИЗАМ
СКОПЈЕ - SHKUP
29.05.2020
12 | 296/2

**Влада на Република Северна Македонија**

\- ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ -

Сектор за правни работи

Бр.49-4391/2

Скопје, 26 Мај 2020 година

**ДО Државен инспекторат за градежништво и урбанизам**

**Предмет:Проследување на надлежност на дел од барање за слободен пристап до информации од јавен карактер**

Почитувани,

До Генералниот секретаријат на Владата, доставено е барање за пристап до информации од јавен карактер, од **Институт за комуникациски студии, проект „Само прашај"-застапник /полномошник** со следнава содржина:

**1.Владата на седница на 11 февруари годинава не го прифати приложениот извештај на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам и го задолжи да изврши нов увид на бесправно доградените објекти во јадрото на Старата Скопска Чаршија.Какво беше образложението,што пишуваше во Извештајот и дали може да го добиеме?**

2. Владата на седница на 11 февруари годинава ја задолжи Агенцијата за катастар на недвижности да достави визуелен приказ на заштитеното јадро и да ги маркира објектите за кои постои сомневање дека се бесправно доградени. До каде е реализацијата на визуелниот приказ?

Генералниот секретаријат на Владата, во врска со барањето за пристап до информации од јавен карактер, постапи согласно член 18 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ" бр.101/19), односно Ви го доставува барањето наведено претходно, на понатамошна надлежност **само за точката 1** како задолжена институција да постапува по заклучокот на Владата и ги продуцира информациите наведени во барањето за пристап до информации од јавен карактер и да одговорите на подносителот во законски пропишаните рокови.

Со почит,

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Република Северна Македонија**

\- Државен инспекторат за градежништво и урбанизам -

Одделение за нормативно правни и општи работи

**Датум: 09.06.2020 година**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ
MINISTRIA E TRANSPORTIT DHE LIDHJEVE
ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ГРАДЕЖНИШТВО И УРБАНИЗАМ
...ERor PËR NDËRTIMTARI DHE URBANIZËM
Бр.-Nr. 12-296/3
09.06. 2020 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**До: Институт за комуникациски студии проект „Само прашај"**
**Ул. Јуриј Гагарин 17-1/1**
**Скопје**

**Предмет: Известување по Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Почитуван/а

До Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам доставено е Барање за пристап до информации од јавен карактер бр.12-296/1 од 22.05.2020 година, во кое генерално барате информации поврзани со бесправно доградените објекти во јадрото на Старата Скопска чаршија кое исто барање сте го проследиле и до Генералниот секретаријат на Владата нивни бр.49-4391/1 21.05.2020 година и истото беше препратено до нас.

По однос на точката 1 од Вашето барање или Седницата која Вие ја цитирате и во која тврдите дека приложениот извештај од наша страна до Владате не е прифатен, морам да ве исправам е вратен со задолжение во кое ни укажуваат дека инспекторатот теба да направи дополнително контрола на терен за да ги нотира отстапувањата во градењето и габаритот на безправно доградените објекти во Старата Скопска чаршија и до Владата да достави нов извештај.

По однос второто и третото прашање за содржината на извештајот во прилог Ви ги доставувам двата извештаи во прилог на оваа електронска пошта и

По однос на четвртото можеме да информираме дека изготвувањето на управниот акт е во постапка “информација од документ што е во постапка на подготвување и се уште е предмет на усогласување кај имателот на информации, чие откривање би предизвикало погрешно разбирање на содржината“.

Со Почит

Изработил:
Наташа Гребенарова Теофиловска
Раководител на ОНПОР

**в.д. Директор**

**Llokman Limani**